УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судија Димитрула Апостоловска, Претседател на советот, и судиите м-р.Валентина Конеска и Билјана Никодиновска Петровска, членови на советот, со записничар м-р Едита Исахи - судски соработник, одлучувајќи по Барањето на тужителот Друштво за производство, градежништво и трговија на Иваноски Митко и др. ИЗОФАС увоз-извоз ДОО Прилеп изјавено преку полномошник Адвокат Кирил Топчиоски од Прилеп, за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Број 09-451/12 од 22.04.2021 година, и да се забрани на договорниот орган ЕЛС-Општина Прилеп да води постапка по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021, на јавната расправа во присуство на полномошникот на тужителот и на претставник на тужениот орган, одржана на ден 05.07.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот Друштво за производство, градежништво и трговија на Иваноски Митко и др. ИЗОФАС увоз-извоз ДОО Прилеп, за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Број 09-451/12 од 22.04/2021 година, до донесување на конечна одлука од страна на Судот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Друштво за производство, градежништво и трговија на Иваноски Митко и др. ИЗОФАС увоз-извоз ДОО Прилеп, поднесе тужба за поведување управен спор против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Број 09-451/12 од 22.04.2021 година, со кое се усвојува жалбата на жалителот „ПИРАМИД БИЛДИНГ СОЛУШНС“ ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/12 од 01.04.2021 година за дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/13 од 01.04.2021 година за дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/14 од 01.04.2021 година за дел 3, донесени по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи-ЈДО-изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици-изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган ЕЛС-Општина Прилеп и воедно се поништуваат Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/12 од 01.04.2021 година за дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/13 од 01.04.2021 година за дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/14 од 01.04.2021 година за дел 3, донесени по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи-ЈДО-изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици-изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган ЕЛС-Општина Прилеп и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган. Тужбата е заведена под У-5.бр.650/2021.

Со тужбата тужителот истакна посебно барање за донесување на времена мерка, заведено под У-5.бр.648/2021, во кое се предлага одлагање од извршување на Решението на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Број 09-451/12 од 22.04/2021 година, како и да се забрани на

договорниот орган ЕЛС-Општина Прилеп да води постапка по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021, до донесување на конечна одлука од страна на Судот, од причина што со извршувањето на оспореното решение, на тужителот му се причинува штета која е тешко надоместлива.

Тужениот орган во одговор на тужба, во целост остана при своите наоди, и предложи тужбата да се одбие како неоснована.

На одржаната јавна расправа на ден 05.07.2021 година, во присуство на странките полномошникот на тужителот изјави дека во целост остануваат кон предлогот за издавање на времена мерка со сите предлози и докази и притоа нагласи дека доколку не биде уважено барањето за времена мерка, би дошло до склучување на договор помеѓу договорниот орган кој ја спровел јавната набавка и друг понудувач, заради што и тужителот би претрпел ненадоместлива штета.

Полномошникот на тужениот орган, изјави дека останува во целост како во одговорот на Барањето за времена мерка.

Судот разгледувајќи ја тужбата, барањето за донесување на времена мерка, приложените докази кон тужбата, одговорот на барањето за времена мерка најде дека истиот е неоснован, поради следното:

Согласно член 29 став 5 во врска со член 28 став 2 од Законот за управните спорови, ако надлежниот орган што го донел управниот акт од член 28 на овој закон, пристапи кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот, тужителот може да бара судот да донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на управниот акт кога извршувањето на управниот акт би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка.

Во смисла на цитираната одредба, одлагање на извршувањето на управниот акт против кој е поведен управниот спор може да се допушти само на барање на тужителот. За да се одлучи по барањето и истото да се уважи, треба да се исполнат следните претпоставки: да е пристапено кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот; да тужителот во рок го повел управниот спор против управниот акт што е во идентична врска со актот кој е предмет на управниот спор; да постои уверување дека со извршувањето на управниот акт што се оспорува во управен спор на тужителот ќе му се нанесе штета која тешко би се поправила; да одлагањето на управниот акт не е спротивно на јавниот интерес ниту со одлагањето на извршувањето би му се нанела ненадоместлива штета на спротивната страна, ако постои. Сите овие претпоставки мораат кумулативно да бидат исполнети, за да може да се постапи и да биде усвоено барањето на тужителот за одлагање на извршувањето на управниот акт до завршувањето на управниот спор.

Имено од страна на тужениот орган донесено е Решение Број 09-451/12 од 22.04.2021 година, со кое со кое се усвојува жалбата на жалителот „ПИРАМИД БИЛДИНГ СОЛУШНС“ ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/12 од 01.04.2021 година за дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/13 од 01.04.2021 година за дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/14 од 01.04.2021 година за дел 3, донесени по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на

работи-ЈДО-изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици-изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган ЕЛС-Општина Прилеп и воедно се поништуваат Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/12 од 01.04.2021 година за дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/13 од 01.04.2021 година за дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/14 од 01.04.2021 година за дел 3, донесени по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи-ЈДО-изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици-изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган ЕЛС-Општина Прилеп и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Во конкретниот случај, тужителот со барањето за одлагање од извршување на решението Број 09-451/12 од 22.04.2021 година, на Државната комисија за жалби по јавни набавки, кое всушност претставува решение за поништување на Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/12 од 01.04.2021 година за дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/13 од 01.04.2021 година за дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/14 од 01.04.2021 година за дел 3, донесени по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи-ЈДО-изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици-изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган ЕЛС-Општина Прилеп, не достави доказ дека со извршувањето на наведените одлуки ќе трпи ненадоместлива штета која тешко ќе може да се поправи и не стори веројатно дека донесувањето на времената мерка во конкретниот случај, не би било спротивно на јавниот интерес во смисла на чл.28 од погоре наведениот закон.

Судот ги ценеше наводите на тужителот наведени во барањето како и произнесувањето на истиот на одржаната јавна расправа, но најде дека истите се без влијание во постапката за донесување на времена мерка.

При ваква состојба, Судот најде дека не се исполнети законските претпоставки од член 29 став 1 од Законот за управните спорови (Сл.весник на РСМ бр.196/2019), па одлучи како во изреката на ова решение.

Решено во Управен суд на 05.07.2021 година под У-5.бр.648/2021.

Записничар - судски соработник<br>м-р Едита Исахи

Претседател на совет - Судија<br>Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена од приемот на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави на:
- тужителите/полномошник
- тужениот орган

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 9 REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP

Претседател на совет - Судија<br>Димитрула Апостоловска

Сообразноста со изворникот ја потврдува<br>УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА